## Влада на Република Северна Македонија

### Генерален секретаријат

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk** со назнака **Иницијатива за ГПРВ 2026**, до **15.9.2025 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата:Здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност Скопје

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):4113527

Седиште и адреса (улица, број, општина):11-ти Октомври бр.42/А Скопје

Застапник: Гоце Миновски

Веб страница:

Електронска пошта (e-mail): ztil.skopje@gmail.com

Телефонски број за контакт:071 261 173

Лице за контакт:Христина Просковска

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година**

**Наслов на иницијативата: Барања-иницијативи од лицата со попреченост во согласност со Конвенцијата на ОН**

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

-Измени во Закон за градење со цел вклучување на пристапноста како еден од основните услови за пуштање на нови и реконструирани објекти во употреба.

-Воведување на стандардите ISO/IEC Guide 71:2014 во законската регулатива за урбанистичко планирање на национално и локално ниво.

-Град Скопје и сите општини да изградат пристапни рампи, да ги ослободат тротоарите и другите јавни површини од секаков вид движни и недвижни бариери (банери, маси, столици, да обележат доволен број паркинзи за лица со попреченост итн.)

-Законски гарантиран пристапен јавен транспорт.

-Национална идентификациона картичка за лица со попреченост.

-Задолжителна обука за јавни службеници за комуникација со лица со попреченост

-Субвенционирана закупнина на станови за самостојно живеење на лица со попреченост без личен недвижен имот (за да се стимулира независно живеење, да не бидат цел живот со нивните семејства).

-Целосно рефундирање на ДДВ на компјутерска технологија и паметни телефони и уреди за лична потреба на лицата со попреченост (1 уред годишно за една година да го обноват лаптопот, следната телефонот, третата паметен часовник или слушалки итн. Важно е зашто во иднина сè повеќе компјутерите и телефоните добиваат функција на асистивни технологии и виртуелни асистенти што помагаат при независност, поголема продуктивност и поквалитетен живот.

-Ослободување од данок на промет/ДДВ и сл. давачки при купување сопствен дом за живеење од страна на лице со попреченост (освен целосно платени социјални станови од државата и целосно купени станови од лицата со попреченост да има и средна категорија, купување дом со поволности, даночни ослободувања или субвенции).

-Субвенционирање од општините за овозможување пристапност на домовите на лицата со опреченост (и групни домови – згради и сопствени домови - куќи). Секоја општина во рамки на своите годишни програми да објавува повик каде што граѓаните кои живеат во неа ќе можат врз база на попреченост да добијат субвенции за правење рампа, местење лифт и сл. прилагодувања во нивниот дом.

-Набавка и адаптација на медицинска опрема и кабинет прилагодена за потребите на лицата со попреченост (за 3 клинички центри: гинеколошки столови, стоматолошки столови, мамографија и сл.)

-Воведување државно стипендирање на студенти со попреченост според степенот на попреченоста со цел студентите со потежок степен попреченост да бидат поддржани финансиски, да го продолжат редното образование и постигнат максимум од себе. Може да се дава во периодот од 18 до 26 години кога немаат право на Надоместок поради попреченост како некоја алтернатива и оваа стипендија да изнесува половина минимална плата бидејќи овие студенти не можат како другите да одат на work and ravel или да работат за хонорари како оние без попреченост за да се снаоѓаат самостојно. Во 2023 на сите универзитети вкупно имаше 48 студенти со попреченост.

-Реформирање на дневните центри за возрасни лица со попреченост во работни центри во насока на оспособување на работа и занимање и/или некоја друга форма за поддржано вработување на лицата со попреченост.

-Развој и поддршка на спортски дисциплини за учество на параолимпијада и специјална олимпијада преку Македонски параолимписки комитет (со услов по една нова параолимписка дисциплина да биде воведена во државата за секој вид попреченост на годишно ниво).

-Измена на начинот за остварување на правото за ослободување од партиципација при здравствени слуги (моменталниот начин овозможен со измените од 2023 за месечно вадење потврда од ЦСР се покажа како целосно непрактичен и нехуман за лицата со попреченост).

-Врзување на надоместоците за нега од туѓо лице и Надоместокот заради попреченост, како и особниот детски додаток со минималната плата во државата, (определен процент од минимална плата) наместо како што се прави сега со усогласување спрема зголемените трошоци за живот спрема Завод а статистика, каде што влегуваат многу нерелевантни параметри и зголемувањата се мизерни, по стотина денари годишно, а пензиите и платите растат со по неколку илјади денари годишно.

-Обезбедување процент од годишниот буџет и на локално и на централно ниво, да се насочува наменски за поддршка и мерки за лицата со попреченост. За почеток нека биде и симболично, 0,01 %, за да се покаже волја и предвидливост.Не како сега преку ребаланси на буџет да се обезбедуваат средства за лицата со попреченост и нивните организации на сред година, да бидат оставени буквално на маргините при планирањето на буџетот.

-Да се изгради по една адаптирана плажа на бреговите на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро за лица со физичка попреченост (со рампа за влегување во вода, обележан паркинг за лица со попреченост и адаптирани соблекувални и тоалети).

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu)

Остварување на потребите за лицата со попреченост, во согласност со Конвенцијата на ОН, се еден од главните приоритети на РМ во конструирање на комплетната слика во напредокот за влез во големото европско друштво.За оваа цел, Македонија како претендент за ЕУ, секако се грижи преку своите тела да ги превземе и имплементира барањата и токму од таа причина „Мобилност Скопје" како граѓанско здружение веќе дел од тоа тело успеа да создаде голем број конекции со институции, општини, министерства, влијателни домашни и странски асоцијации односно создаде свое идентификационо поглавје во кое точно и прецизно ги истакнува иницијативите-барања за лицата со попреченост.

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

Лицата со попреченост во РМ се наоѓаат на маргините за нивно достоинствено живеење а правата кои треба да ги уживаат наспрема основните човекови права, поткрепени со меѓународната конвенција на ОН за правата на лицата со попреченост(која РМ ја ратификуваше и потпиша во 2016 година), се минимално остварени односно имплементирани во системот на нашето општество,што всушност претставува огромна потреба да се иницира советот на Владата на РМ сериозно да ја разгледа оваа состојба.Причините за спорото наоѓање решенија за оваа популација, секако е комплексноста на проблемот, тешката комуникација на надлежните во системот на општеството, не ставање акцент за

приоритет, инертност на телата компетентни за остварување на решенијата, неинформираност, слаб публицитет и слично.

Целта на барањата претставува брза интеграција на правата и обврските на лицата со попрченост во законите и правилниците за работа при министерствата и институциите надлежни за нивно остварување.

Како резултат за добробит од овие барања, секако претставува високо образувана, едуцирана, интелектуално образована, работоспособна, социјално стабилна, економски независна, репродуктивно способна личност, која ќе продуцира и создава а ќе го олеснува буџетот на државата.

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

**Министерство за социјала, демографија и млади, Министерство за здравство, Министерство за образование, Министерство за Администрација, Министерство за локална самоуправа, Министерство за информатичко општество, Министерство за транспорт и врски**

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

Лице со попреченост на кое му е овозможено премостување на сите бариери за непречено функционирање односно; редовно образование, едукации, социјален живот, вработување, создавање семејство и слично, создава простор да се растерети буџетот на РМ во однос на примањето додатоци за социјална помош а во исто време да се полни преку даноци и придонеси за секое вработено лице со попреченост.Ова претставува еден голем импакт во економијата.

Во однос на социјалните влијанија ги набројуваме следните придобивки; достоинствен живот со стандарди на лице со попреченост во соодност на меѓународната конвенција за човекови права, водење активно-друштвен живот, создавање семејство, општествена одговорност спрема институциите и голем број организации, видливост во јавноста кое продуцира еднакви можности и кршење на бариери за различности, недискриминација, можност за изразување на талент во повеќе полиња, рамноправност во системот, родова и религиска еднаквост и.т.н.

Административните влијанија и трошоци ќе се намалат со градење системски софтвер за инвалидска идентификациона картичка со која секое лице со попреченост ќе може непречено да ги остварува сите потребни административни дејствија во државата односно ќе биде со приоритет, лесно канализирање, растеретување од талкање по институции или севкупно обостран бенифит за лицето и институциите во државата.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

Иницијативите на „Мобилност Скопје" побаруваат финансиски средства и заложби од министерствата(буџет за креирање на средства во акцискиот план на секое минстерство при почетокот на годината) но ќе решат долгорочни проблеми кои ќе бидат економско исплатливи во многу полиња односно бенефитот ќе може да се гледа и чувствува секојдневно.

Прилози (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

Потпис на застапникот

_______________________

11.09.2025 година

М.П.
МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ
Скопје